NDIS Quality and Safeguards Commission

# Правилнико за однесување во Програмата NDIS

Правилникот за однесување (Code of Conduct) во Програмата NDIS важи за сите даватели на услуги од Програмата NDIS, без оглед дали се регистрирани или нерегистрирани, и за сите лица што се вработени или на друг начин даваат услуги од Програмата NDIS.

**Кога им даваат поддршка или услуги на луѓето со онеспособеност, лицата опфатени со овој Правилник мора:**

- да се однесуваат со почит спрема правата на поединецот за слободно изразување на мислење, самоопределување и одлучување, во согласност со важечките закони и спогодби
- да ја почитуваат приватноста на луѓето со онеспособеност
- да даваат поддршка и услуги на безбеден начин и способно, со грижливост и вештина
- да постапуваат доследно, чесно и отворено
- брзо да преземаат чекори за да ги изнесат или решат грижите за работите што би можеле да влијаат врз квалитетот и безбедноста на поддршките и услугите што им се даваат на луѓето со онеспособеност
- да ги преземаат сите разумни чекори за спречување и за постапување при сите видови на насилство врз луѓето со онеспособеност, и против искористувањето, запоставувањето и малтретирањето на луѓето со онеспособеност
- да ги преземат сите разумни чекори за да ги спречат и решат сексуалните престапи.

**Секој може да поднесе поплака до Комисијата за квалитет и безбедност на Програмата NDIS (NDIS Quality and Safeguards Commission) за давателите на услуги или за вработените што ќе го прекршат Правилникот за однесување во Програмата NDIS.**

## Каде да дозаете повеќе

За да дознаете повеќе за Правилникот за однесување, или за да пријавите прекршување на Правилникот:

- појдете на www.ndiscommission.gov.au
- пратете електронска порака на feedback@ndiscommission.gov.au
- јавете се на 1800 035 544